ФАРМАЦЕВТСКА КОМОРА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ
ODA E FARMACISTËVE
TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - SHKUP
Бр.-Nr. 02-339/1
2-11-2026 год.-viti

Врз основа на член 46 став 2 алинеја 10 и член 53 од Статутот, Изборната комисија на Фармацевтската комора на Република северна Македонија на седницата одржана на 2.11.2026 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

за образец на кандидационо лиснче и услови за кандидирање

Член 1

Се утврдува образецот на кандидационо лиснче, даден во анекс на оваа одлука. Образецот се објавува на веб-страницата на 2.11.2026 година и се презема од таму.

Член 2

Кандидационото лиснче се доставува до Комората во периодот од 2.11.2026 до 16.11.2026 година, до 16:00 часот, по е-пошта, лично во архивата или со препорачана пошта, со назнака „за Изборната комисија". Непотполно лиснче и лиснче без бараните докази не се земаат предвид.

Член 3

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

АНЕКС 1 кон оваа одлука

КАНДИДАЦИОНО ЛИСНЧЕ

За изборите за органи на Фармацевтската комора, мандат 2027–2031

1. Име, татково име и презиме: _____
2. ЕМБГ: _____
3. Адреса на живеалиште: _____
4. Територијална единица според живеалиштето: бр. _____
5. Телефон и е-пошта: _____
6. Вработен/а во: _____

6. Се кандидирам за (се заокружува едно):

а) член на Собранието, според припадност на територијална единица по место на живеалиште;

б) член на Извршниот одбор, според припадност на територијална единица по место на живеалиште,

в) член на Надзорниот одбор (независно од територијалната единица);

г) член на Судот на честа (независно од територијалната единица);

д) обвинител (независно од територијалната единица);

ѓ) претседател на Собрание, се кандидира и за член на Собрание според припадност на територијална единица по место на живеалиште;

е) претседател на Комора (независно од територијалната единица);

Приложувам:

- Преглед на пријави и одјави од Агенција за вработување на РСМ,
- Доказ за платена членарина.

Изјавувам дека сум член на Комората, државјанин на Република Северна Македонија, дека се кандидирам по своја волја и дека не се кандидирам за друг орган на Комората, согласно член 43 став 3 од Статутот.

Датум: _____ Потпис: _____

Услови и Докази:

Претседател на Комора:

- Да има работно искуство во фармацијата најмалку 10 години (програма за работа на Комората за изборниот мандатен период, преглед на пријави и одјави од Агенција за вработување, доказ за платена членарина),

Претседателот на Комората се избира од страна на Собранието, од редот на членовите на Комората, за време од 4 години со можност за повторен избор.

Претседател на Собрание на Комора:

- Да има најмалку 10 години работно искуство во фармацијата (преглед на пријави и одјави од Агенција за вработување, доказ за платена членарина),

Член на Извршен одбор:

- да има работно искуство во фармацијата најмалку 5 години (преглед на пријави и одјави од Агенција за вработување, доказ за платена членарина)

Членовите на Извршниот одбор се избираат за период од 4 години и можат да бидат повторно избрани најмногу уште еднаш.

Член на Надзорен одбор

- да има работно искуство во фармацијата најмалку 5 години (преглед на пријави и одјави од Агенција за вработување, доказ за платена членарна)

Мандатот на членовите на Надзорниот одбор изнесува 4 години и со можност за повторен избор најмногу уште еднаш.

- За член на Судот на честа - доказ за платена членарна

- Обвинител - доказ за платена членарна

2.11.2026

Фармацевтска комора на РСМ

Изборна комисија

Славица Тодоровска, претседател